Предлог

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на 15-та Седница одржана на ден _09.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за отстапување на правото на реализирање
на културната манифестација „Детски Рацинови средби“

Член 1

Со оваа Одлука Општина Велес го отстапува правото за реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“ на ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“- Велес за организирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“.

Член 2

ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“-Велес е должна да донесе Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“.

Член 3

Културната манифестација „Детски Рацинови средби“ ќе ја реализира Организациски одбор составен од претседател и 4 членови со мандат од 4 години.

Еден член на Организацискиот одбор е претставник од Општина Велес и го предлага Градоначалникот.

Претседателот и тројца членови на Организацискиот одбор ги именува ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“- Велес.

Член 4

Финансиските средства предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за тековната година предвидени за реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“ Општина Велес ќе ги префрли на сметка на ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“- Велес.

Финансиските средства ќе бидат префрлени по доставување на барање од страна на ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“- Велес за исплата на истите и програма за манифестацијата изготвена од Организацискиот одбор.

Член 5

ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“- Велес е должна по завршување на манифестацијата да достави финансиски и наративен извештај за реализација на културната манифестација „Детски Рацинови средби“ до Советот на Општина Велес во рок од 30 дена по завршување на манифестацијата.

Член 6

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата-културната манифестација „Детски Рацинови средби“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/23) и Правилникот за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата-културната манифестација „Детски Рацинови средби“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.3/23) кој е донесен врз основа на Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата-културната манифестација „Детски Рацинови средби“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/23).

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 27.10.2026 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Советот на Општина Велес со Одлука со арх.бр.25-513/8 од 26.01.2023 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/23) изврши делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата за културната манифестација „Детски Рацинови средби“ за период од три години.

Врз основа на оваа одлука и по спроведена постапка, склучен е Договор бр.08-1529/9 од 26.10.2023 година помеѓу Градоначалникот на Општина Велес и Здружението на граѓани Младинско драмско-поетско студио ПРЕМИЕРА Велес-за реализација на културната манифестација „Детски Рацинови средби“. Важноста на договорот е до 26.10.2026 година. Културната манифестација „Детски Рацинови средби“ се одржува секоја година во рамки на обележувањето на 9 Ноември-Денот на Општина Велес.

„Детските Рацинови средби“ се манифестација од културно, воспитно и образовно значење за Општина Велес и Македонија којашто е насочена кон поттикнување и афирмирање на детското литературно и ликовно творештво, развивање интерес кај децата и младите за уметноста и негување на културните вредности и традиции поврзани со ликот и делото на Коста Солев Рацин.

Со организирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“ од страна на ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“- Велес сметаме дека ќе може да се унапредува квалитетот на манифестацијата. Ќе се зајакне непосредната координација и комуникација со училиштата, наставниците, учениците, културните установи и другите релевантни субјекти во Општина Велес и во државата.

Исто така ќе се обезбеди поголем институционален континуитет и одржливост на манифестацијата и ќе се унапредат квалитетот и содржините на програмата, ќе се зголеми видливоста на манифестацијата и културните потенцијали во Велес. Сето ова ќе придонесе за долгорочно програмско унапредување согласно современите потреби и интереси на децата и младите.

Со ова Општина Велес и ЛУ библиотека „Гоце Делчев“ ја потврдуваат својата определба за активно учество во развојот на културниот живот, поддршка на детското и младинско творештво и зачувување и афирмирање на манифестациите од особено значење за градот.